ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 29-632/11**

**Дата: 30.10.2013**

**ДО**
**ОПШТИНА ОХРИД**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Охрид на сметката на приходи на буџет на дотации (930) за 2012 година.

Во конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2010 година не се констатирани неправилности.

Во месец јули 2005 година започна првата фаза од процесот на децентрализација а од 01.09.2007 започна втората фаза на децентрализацијата на власта во Република Македонија, со кој процес единиците на локална самоуправа добиваат континуирано нови надлежности. Општина Охрид е влезена во втората фаза на фискална децентрализација од 01.01.2012 година.
На оваа сметка се евидентирани трансферите од централната власт по основ на наменски и блок дотации од областа на образованието и детската заштита.
Средствата се користат за основни плати и надоместоци, придонеси за социјално осигурување од работодавачите, надоместоци, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, договорни услуги и други тековни работи.

Изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Охрид за 2012 година.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________

*2.* ______________________ ______________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на сметката за приходи на буџет на дотации (930) за 2012 година на Општина Охрид, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи за 2010 година и за усогласеност со закони и прописи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Охрид за 2010 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Охрид под 31.12.2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2010 година изразено е мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Александар Петрески, градоначалник на Општина Охрид од 01.04.2005 година до 02.04.2013 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Охрид се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4 на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена на ден 29 и 30.07..2013 година кај Општина Охрид од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Охрид на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики. Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

Скопје, 18.10.2013 година

**Општина Охрид - Сметка на приходи на буџет на дотации (930)**

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 Ден.

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 357.036 | 60.770 |
| **Вкупно приходи** | | **357.036** | **60.770** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1. | 297.594 | 7.764 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 57.490 | 52.315 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **355.084** | **60.079** |
| **Вкупно расходи** | | **355.084** | **60.079** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1.952** | **691** |

**Општина Охрид - Сметка на приходи на буџет на дотации (930)**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2012 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1.952 | 691 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.952** | **691** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **1.952** | **691** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 1.952 | 691 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **1.952** | **691** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **1.952** | **691** |